DOI 10.24249/2309-9917-2021-50-6-50-60

*И. Антоновски (Скопје, Република Северна Македонија)*

# Меѓународната поетско-културна манифестација «Анте Поповски – Антево перо» традиционален настан којшто допрва ќе биде синоним за вистинските вредности на македонската книжевна стварност

*Апстракт*: Текстот го отвора прашањето за значењето на книжевните манифестации за книжевната стварност. Притоа се застапува тезата дека значењето на конкретна книжевна манифестација и во ова дигитално време, не е доминантно условено од нејзиниот формат и од тоа колку тој е конвенционален или модерен, туку од тоа дали нејзината мисија примарно се темели на естетски и книжевни критериуми и следствено, од нејзината содржина – од тоа, колку таа дава нови импулси на книжевното живеење. Како потврда на ваквото согледување, во текстот се издвојува меѓународната поетско-културна манифестација «Анте Поповски – Антево перо», којашто четири години е дел од македонската книжевна стварност. Иако нова манифестација со стремеж да постане традиционална и иако устроена со конвенционален формат и програма, без претенциозно настојување за нестандардни програмски содржини, таа веќе е препознатлива на македонската културна мапа, како манифестација со којашто едновремено се настојува да се оствари влог во валоризацијата и афирмацијата на трајните вредности на македонската култура, да се промовира македонската книжевна продукција, да се овозможи помалку афирмирани авторски имиња да излезат од сенките на живите книжевни споменици и да се поттикнува книжевна наука. Притоа, во текстот се анализира и валоризира постигнатото со годинешното издание на манифестацијата. Одделен акцент е ставен на меѓународниот научен симпозиум којшто отвори клучни и досега неактуализирани прашања за творечкиот опус на еден од најголемите македонски автори на XX век – Анте Поповски. Едновремено се анализира и концептот на манифестацијата којшто постојано се развива и овозможува таа да е настан којшто остава трага и може да доведе до случувања коишто еден ден ќе треба да бидат запишани во книжевната историја.

*Клучни зборови*: Антево перо, Анте Поповски, манифестација, книжевна стварност, Македонија

*И. Антоновски (Скопье, Республика Северная Македония)*

## Международная культурно-литературная манифестация «Поэтическое перо Анте Поповского» – традиция, ставшая синонимом подлинных ценностей литературной жизни Македонии

*Аннотация*: Значимость литературного текста в нашу цифровую эпоху определяется не столько его современностью или условностью, его форматом, сколько своеобразием содержания, лежащими в его основе эстетическими критериями, а также его способностью активизировать литературную жизнь. Эта концеция реализуется в ходе проведения международного поэтического и культурного мероприятия «Анте Поповски – перо Анте», участники которого ставят перед собой цель, с одной стороны, утверждать непреходящие ценности македонской культуры, с другой – помогать начинающим авторам выходить из тени живых литературных памятников. «Анте Поповски – перо Анте» уже четыре года является частью македонской литературной реальности. Особое внимание в статье уделено прошедшему в этом году международному научному симпозиуму, на котором были поставлены ключевые, однако до сих пор ожидающие своего исследователя вопросы о творчестве одного из величайших македонских авторов XX века – Анте Поповски.

*Ключевые слова:* перо Анте, Анте Поповский, манифестация, литературная реальность, Македония

*I. Antonovski (Skopje, Republic of North Macedonia)*

## The International Poetic and Cultural Manifestation “Ante Popovski – Ante’s quill” – a traditional event that is yet to become a synonym for the true values of the Macedonian literary reality

*Abstract:* The text raises the question of the significance of literary manifestations for literary reality. The thesis is that the significance of a specific literary manifestation in this *digital age* is not predominantly conditioned by its format and how *conventional* or *modern* it is, but by whether its mission is primarily based on aesthetic and literary criteria and consequently, by its content – how much new impulses it gives to the literary life. As a confirmation of this perception, the text highlights the international poetic and cultural manifestation “Ante Popovski – Ante’s Quill”, which has been part of the Macedonian literary reality for four years. Although it is quite new, with an aspiration to become traditional manifestation, and although it is organized in a *conventional* format and program, without pretentious efforts for *non-standard* program contents, it is already recognizable on the Macedonian cultural map, as an event that simultaneously seeks to invest in the valorization and affirmation of the lasting values of the Macedonian culture, to promote the Macedonian literary production, to enable less affirmed authors to emerge from the shadows of *living literary monuments* and to encourage literary science. Moreover, the text analyzes and valorizes the achievements of this year’s edition of the manifestation. Particular emphasis is placed on the international scientific symposium which posed key and hitherto unactualized questions about the creative work of one of the greatest Macedonian authors of the 20$^{th}$ century – Ante Popovski. At the same time, the concept of the manifestation is

analyzed, which is constantly evolving, enabling it to be an event that leaves a mark and can lead to happenings that will one day have to be written down in literary history.

*Key words:* Ante's Quill, Ante Popovski, manifestation, literary reality, Macedonia

Се чини дека само навидум е едноставно да се напише приказ за книжевна манифестација и за остварувањето на нејзината програма. Затоа што секоја книжевна манифестација како дел од мозаикот на современа национална култура, всушност е и показател за односот кон вредностите од националната книжевна историја, но едновремено е и приказ на новите тенденции и присутните естетски платформи, односно на вредносната вертикала и критериумите коишто се стожерни во актуелниот миг на книжевната стварност. Оттука, од приказот на секоја книжевна манифестација, на современ план не се очекува само информативно, дескриптивно или телеграфско осврнување на нејзината програма, туку пред сè да ги анализира и коментира вредностите коишто таа манифестација ги афирмира и промовира – влогот којшто таа го остварува во книжевниот и воопшто во културниот живот. Од таквиот приказ и би можело да се сфати дали конкретната манифестација е само минливост, чествување и случување коешто е само протоколарно и формално (за коешто би важело тврдењето изразено преку фразата *И без тоа се може*...) или пак е настан во вистинска смисла – настан којшто остава трага и може да доведе до случувања коишто еден ден ќе треба да бидат запишани во книжевната историја.

Но, од друга страна, неспорно е дека денес, кога мноштво национални култури се препознатливи по своите традиционални книжевни манифестации, релевантна е дилемата дали тие манифестации остануваат *заробени* во своите форми и конвенционални програми или пак независно од нив можат да промовираат и афирмираат нови елементи на книжевната стварност коишто се важни за актуелното и натамошното секојдневје на книжевната сцена. Или со други зборови: колку таквите манифестации навистина (можат да) промовираат нови поетики и/или нови естетски платформи, едновремено валоризирајќи го она што веќе е или треба да биде дел од книжевната историја, а претставува трајна вредност. Во исто време, не помалку релевантна е и дилемата дали новите книжевни манифестации коишто инсистираат на нови, современи формати на приказ на книжевното творештво, навистина, само заради својот *иновативен сценски приказ и израз* (неретко дефиниран и како мултимедијален, алтернативен или авангарден, како што впрочем бил дефиниран и секој обид за *нов почеток* во книжевното живеење), суштински може да придонесат за книжевната стварност само заради својата форма и *модерност*. Накусо, се чини дека разрешницата на овие дилеми е во определбата дека значењето на конкретна книжевна манифестација за книжевната стварност, и во ова *дигитално* време, не е доминантно условено од нејзиниот формат и од тоа колку тој е *конвенционален* или *модерен*, туку од тоа дали нејзината мисија примарно се темели на естетски и книжевни критериуми и следствено, од нејзината содржина – од тоа, колку таа дава нови импулси на книжевното живеење.

Меѓународната поетско-културна манифестација «Анте Поповски – Антево перо», којашто веќе четири години е дел од македонската книжевна стварност е конкретна потврда на ова. Иако нова манифестација со стремеж да постане традиционална и иако устроена со конвенционален формат и програма, без претенциозно настојување за *нестандардни* програмски содржини, таа веќе е препознатлива на македонската културна мапа, како манифестација со којашто се настојува да се

оствари влог во валоризацијата и афирмацијата на трајните вредности на македонската култура, но едновремено и да се промовира македонската книжевна продукција, да се овозможи помалку афирмирани авторски имиња да излезат од сенките на *живите книжевни споменици* и да се поттикнува книжевна наука, и тоа без омеѓеност во македонските културни граници.

Како и за не мал број други книжевни манифестации, така, првичната идеја за формирање и на оваа манифестација се темели на потребата да му се оддаде почит и да се чува споменот на книжевен великан – еден од најголемите и најмаркантните македонски автори на XX век, Анте Поповски (1931–2003). Малку е да се рече само дека Поповски беше поет, истражувач, есеист, книжевен преведувач, историчар на уметностите, публицист и почитувач на својот род и на својата татковина, бидејќи беше и придвижник и еден од стожерниците на македонската културна и научна мисла, една од магистралните творечки фигури на македонскиот XX век, којашто остави бројни тестаментални пораки за следните поколенија. Но, манифестацијата се разви со концепт којшто не подразбира само чествување на делото на великиот Анте Поповски, туку пред сѐ подразбира афирмација на трајни и нови културни и книжевни вредности и остварувања, според строги критериуми релевантни и за книжевната критика, и за книжевната историја, и воопшто за книжевната наука. Впрочем, таквите критериуми беа определба и на Поповски во текот на севкупното негово творечко дејствување, а преку оваа манифестација продолжуваат да бидат одредница во детерминирањето на сегменти на книжевната стварност. Со таквиот концепт, манифестацијата «Анте Поповски – Антево перо» го избра вистинскиот пат – не оној по којшто би се свела на книжевно-теориско ламентирање и шаблонизирано рециклирање фрази за еден творечки опус, коешто многу брзо би прераснало во анахронизам, туку оној којшто поттикнува развој на естетската вертикала на којашто припаѓа творештвото на великанот Поповски, но којашто преку новите поетики, естетски платформи и клучно – книжевни дела, може (и треба) да постави и следни, високи скалила на нашето време. Со тоа, и оддавањето почит на ликот и делото на академик Поповски станува подостоинствено и посуштинско – не само преку неговото книжевно творештво, туку и преку (ре)афирмација на вредностите и критериумите во коишто тој веруваше, а коишто може (и треба) да се едни од носечките и на нашето денешно културно и книжевно битосување.

Сепак, исклучително важно е што ваквиот концепт на манифестацијата не е само декларативен, туку е и јасно препознаен во книжевното катадневје на современата македонска држава, но и надвор од нејзините граници, имајќи предвид дека од година во година, сѐ повеќе јакне меѓународниот карактер на манифестацијата.

Илустративна потврда за ова е бројот на пристигнати поетски ракописи за наградата «Антево перо», којашто манифестацијата ја доделува од нејзиното формирање пред четири години – вкупно 320 ракописи (е-книги). Несомнено е дека во изминатите неколку децении, ниту една друга книжевна награда на поетска манифестација во Македонија нема предизвикано олкав интерес за доставување ракописи и уште поважно – преку самата награда не е генериран и поттикнат толкав број на квалитетни поетски книги коишто го маркираат нашиот книжевен простор. За естетските / книжевните квалитети на еден дел од ракописите коишто се синонимно поврзани со манифестацијата «Анте Поповски – Антево перо», говорат и одгласите на книжевната критика и воопшто на поширокага стручна јавност. Одделно важно е што преку манифестацијата се поттикнуваат и млади, за пошироката јавност непознати – неафирмирани автори, коишто по својата појава преку манифестацијата

«Анте Поповски – Антево перо», не само што стануваат повидливи за стручната и пошироката јавност, туку се вклучуваат во книжевниот живот како активни чинители на книжевната стварност. Не помалку важно од сето ова е што преку манифестацијата се прават значајни напори и за поттикнување и поддршка на книжевната наука, имајќи предвид дека годинава, по вторпат, во нејзини рамки се одржа и научен симпозиум, којшто веќе има меѓународен карактер, за што особено придонесе учеството на професорката на МГУ «Ломоносов» и членка на Македонската академија на науките и уметностите, Ала Шешкен.

Годинава, кога се навршуваат 90 години од раѓањето на македонскиот книжевен великан и општественик, академик Анте Поповски, манифестацијата имаше исклучителна програма, којашто беше во целост надвор од само поводното или протоколарно чествување. Преку годинешното издание, всушност и се потврди дека оваа манифестација не е минливост или резултат на миговен ентузијазам, порив и креативност, туку настан којшто остава трага и може да доведе до случувања коишто еден ден ќе треба да бидат запишани во книжевната историја. Всушност, се потврди дека ова е манифестација којашто не само што е многу важна за актуелниот миг на македонското книжевно живеење, туку којашто може да биде и уште поважна во времето што е пред нас, вбројувајќи се меѓу неколкуте традиционални книжевни настани коишто се синоними за современата македонска култура во светот.

Сето ова е причина, но и повод да го прифатиме предизвикот и да се обидеме да оствариме приказ барем на годинешното издание на културно-поетската манифестација «Анте Поповски – Антево перо». За да остане и пишана трага за она коешто еден ден може да се перципира како прва фаза на развојот на една исклучително важна, традиционална книжевна манифестација.

* * *

Неспорно е дека книжевните награди треба да се темелат на критички суд со строги, исклучиво книжевни, односно естетски критериуми. Впрочем, само така тие и може да придонесат за книжевната стварност. Книжевната награда за необјавен поетски ракопис «Антево перо», којашто ја доделува оваа меѓународна манифестација, има востановена пред само четири години, веќе има исклучителен кредибилитет и претставува референца на македонската книжевна сцена. На тоа укажува и фактот што годинава, на конкурсот за наградата беа пристигнати 69 ракописи, при што покрај авторите од Македонија, согласно со меѓународниот карактер на конкурсот и на целата манифестација, во конкуренција се најдоа и остварувања на поети од Австралија, Шведска, Турција и Италија, напишани на македонски јазик.

Уште при носењето на одлуката за поширокиот избор од пристигнатите ракописи, Комисијата со којашто претседаваше истакнатиот македонски книжевен теоретичар и критичар и писател, проф. д-р Венко Андоновски, посочи дека годинава, конкурсот понуди мноштво свежи и успешни поетски остварувања со тематска и естетска вредност, со уникатност во поетскиот израз и особена иновативност во поетската експресивност. Истовремено, одделно беше нагласен интересот кај младите автори. Мора да се истакне дека сепак е реткост, во време кога постојат не мал број книжевни признанија, една книжевна награда едновремено да побуди интерес со толкав број квалитетни поетски ракописи. Во тој контекст, при соопштување на наградениот ракопис, Комисијата и истакна дека годинава имала исклучително тешка задача, зашто од пристигнатите 69 ракописи, повеќе од половината заслужу-

вале висок поетски третман. «За жал, поради воспоставените пропозиции за бројот и карактерот на наградите, Комисијата не можеше да ги награди сите оние кои тоа го заслужуваат», – стоеше во соопштението.

Наградата «Антево перо» за 2021 година беше доделена за книгата «Небесни разговори» на македонскиот поет Братислав Ташковски, којшто веќе четири децении е препознатлива константа на македонското поетско писмо, а оваа книга, според исцрпно пренесените оцени на Комисијата е  можеби најдоброто негово поетско остварување.

Покрај оваа награда, манифестацијата ги доделува и наградите «Антев златник» и «Антев часовник» – награда за млад автор, коишто иако не подразбираат објавување на наградениот ракопис, веќе се исклучително референтни во македонскиот книжевен простор и во изминатите неколку години се потврди дека промовираат конкретни книжевни дела и поетики коишто заслужуваат одделно внимание во анализирањето, вреднувањето и реконструкцијата на актуелните скалила на македонската книжевна вертикала. Иако навидум се чини дека станува збор за голем број награди, всушност, во текот на изминатите четири години се потврди дека наградите «Антев златник» и «Антев часовник» не даваат додадена вредност само на манифестацијата «Анте Поповски – Антево перо», туку и на македонската книжевна стварност, бидејќи конкурсот што го распишува манифестацијата генерира исклучителни творечки остварувања, а со нивното истакнување се претставуваат нови квалитети на современото писмо на македонската поезија. Впрочем, овие награди и се клучна синтеза меѓу афирмацијата на вредностите од книжевната историја, актуелната книжевна стварност и иднината на книжевното катадневја – синтеза преку којашто манифестацијата «Анте Поповски – Антево перо» го остварува својот огромен влог во книжевниот и културниот живот, афирмирајќи и валоризирајќи конкретни книжевни вредности и остварувања, а со тоа поттикнувајќи ја и книжевната наука, особено книжевната критика на препрочитувања и исчитувања.

Годинава, наградата «Антев златник» беше доделена на Елизабета Баковска за збирката поезија «Сите болки станаа мои» и на Димитар Аранаудов за книгата «Ѕвезден часовник». Комисијата образложи дека Баковска на еден маестрален интертекстуален начин го вкрстува кодот на народната поезија со најсовремениот постмодерен идиом на отуѓениот човек на денешницата. Таа го допева највредното од богатството на македонскиот фолклор со еден современ поетски идиом, и со тоа добива македонски не само поетски, туку и културолошки палимпсест. По нашиот прочит на ракописот, со голема убеденост можеме да истакнеме дека овој ракопис, всушност е најдоброто коешто е произлезено од творечката лабораторија на Баковска и веруваме дека по неговото објавување ќе предизвика големо внимание како кај книжевната критика, така и кај поширокиот читателски аудиториум. Или поконкретно – заслужува и посакуваме да го добие таквото внимание. Другиот добитник на наградата, Димитар Арнаудов, иако млад и на македонската книжевна сцена за првпат посериозно појавен пред неколку години токму преку оваа манифестација, веќе е целосно зрел поет свртен кон езотеричното, со една поетска микроскопија (речиси зен-моќ). Во «Ѕвезден часовник», таа микроскопија се претвора во цела капиларна густа поетска мрежа симболи, како што беше истакнато и од Комисијата којашто ги разгледуваше и оценуваше пристигнатите ракописи. Наградата «Антев часовник», симболично наречена така за оние чиешто поетско време допрва доаѓа, ја доби Марија Филипова за ракописот «Твоите далги на брегот на Стикс». Коми-

сијата истакна дека станува збор за поетеса-вундеркинд, чие ѕвездено поетско време е пред нас.

Вторпат по ред, манифестацијата го додели и почесното признание «Антева златна книга», за долгогодишни книжевни остварувања од интерес на македонската книжевност, култура и идентитет. Ова признание се доделува само за највисоки книжевни остварувања кои се покажале конститутивни за македонската книжевна реч и иако ново во македонскиот културен простор, веќе е признание коешто не само што е референтно, туку е и посакувано од сè уште активните книжевни великани, имајќи ги предвид волуменозноста и значењето на опусот на Анте Поповски за современата македонска култура, но и воопшто во еден поширок, не само национален книжевен и културен контекст. Годинешен добитник на признанието е академик Влада Урошевиќ. Како што беше соопштено веднаш по носењето на одлуката за доделување на ова признание за 2021 година, Урошевиќ е магистрална фигура на македонската книжевност, полиграф кој постави високи стандарди во нашата книжевна реч и повлече изохипси кои не се надминати во поезијата, прозата и есејот. Тој е клучна фигура без која не може да се замислат модернитетот и постмодернитетот на македонската поезија, особено преку неговиот интерес за севкупните поетски светски искуства, особено од симболизмот до надреализмот и авангардата. Со него, македонската поезија ја добива својата космичка димензија и дослухот со европскиот поетски сензибилитет.

Централниот дел на манифестацијата се одржа во периодот од 24 до 26 септември оваа година. Свеченото отворање во Музејот на македонската борба за самостојност, започна со беседа на проф. д-р Кристина Николовска, посветена на значењето на Анте Поповски за современата македонска култура. Притоа беше отворена изложба на предмети, документи и фотографии на академик Анте Поповски, коишто претставуваат музејски фонд. Поконкретно, станува збор за обемна збирка од личниот фонд на великанот, којашто неодамна, семејството Поповски ја подари на Музејот, каде соодветно ќе се чува и презентира, имајќи го предвид нејзиното исклучително значење за македонската и светската културна историја. На отворањето на изложбата се обрати директорката на Музејот, Даниела Николова, којашто детално се осврна на значењето на овој фонд за достојното музејско претставување на современата македонска историја, особено историјата на културата. Отворањето на оваа изложба, но и самиот факт што со заложби на манифестацијата «Анте Поповски – Антево перо», дел од оставнината на академик Поповски постанува сегмент на музејски фонд, одделно треба да се нагласат, бидејќи со тоа се покажува свесност за потребата соодветно и на овој начин да се презентираат важните историски моменти од поблиското минато, односно дека историско значење со музејска вредност нема само она што е дел од нешто што ни се чини подалечно минато. Или, со други зборови – свесност дека историја постанува и она што го создаваме во сегашноста и поттик, ама и потсетување на обврската на остварувањата на Поповски во книжевноста и воопшто во културата поопстојно да се согледува и валоризира нивното историско значење.

Потоа, во рамките на програмата на манифестација се одржа и централната свеченост, на којашто беа врачени почесното признание «Антева златна книга» и наградите од конкурсот за поетски ракопис «Антево перо» за 2021 година. Годинешниот добитник на почесното признание за долгогодишни книжевни остварувања од интерес на македонската книжевност, култура и идентитет е академик, Влада Урошевиќ, одржа инспиративна беседа преку којашто отвори нови растајнувачки

прашања за современата македонска книжевност. Во рамките на настанот за првпат беше промовирана и книгата «Небесни разговори» – добитник на наградата «Антево перо» за 2021 година, чиешто објавување од страна на манифестацијата е составен дел од наградата. Промотивна реч за книгата и за остварувањата на добитниците на наградите «Антев златник» и «Антев часовник» одржа претседателот на Комисијата – проф. д-р Венко Андоновски.

Во рамките на свеченоста се одржа и поетско читање на коешто настапија поетите чиишто ракописи влегоа во потесниот избор за наградата «Антево перо» за 2021 година. Притоа, покрај интерпретацијата на свои стихови, сите одделно го истакнаа значењето на оваа манифестација за македонската култура, коешто го препознаваат како активни учесници во книжевниот и културниот живот на земјата. Неспорно, искажаните оцени од поетите-учесници е клучно признание за манифестацијата, бидејќи не е откровение дека книжевните манифестации постојат заради творците и нивното творештво, а не обратно – творците го остваруваат својот влог и го знаат својот *творечки долг* и без книжевните манифестации.

Но, исклучителен дел од програмата на манифестацијата се случи потоа, на 25 септември, во родното село на академик Анте Поповски, Лазарополе – по вторпат се одржа научен симпозиум «Антево дело», којшто од годинава има и меѓународен карактер, за што особено придонесе учеството на академик Ала Шешкен.

*Станува збор за творештво на коешто постојано треба да му се навраќаме – творештво коешто одново треба да го прочитаме и интерпретираме, затоа што во него има многу сè уште нерастајнети и недоволно вреднувани сегменти, недопрени интерпретативни рамништа.*

Се чини дека вака звучи најчесто употребувана фраза на книжевната критика, при осврнувањето кон творечките опуси на книжевните великани, особено кога одбележуваме важни јубилеи поврзани со нивниот живот и дело, меѓу коишто е и деведесетгодишнината од рождеството на Анте Поповски. Неспорно е дека едновремено, ова е речиси и најбалналната и највистинитата фраза којашто се употребува во книжевно-теориските, неретко поводни осврнувања кон творештвото на авторите коишто се магистрални во една национална книжевност, а и надвор од националниот и воопшто културен контекст на книжевното вреднување. Затоа што книжевната наука, односно книжевната теорија постојано овозможува и ќе овозможува нови пристапи и алатки за исчитување на книжевниот текст – редефинирани, реактуализирани и нови теории, со коишто секогаш можеме и ќе можеме поразлично од претходно да исчитаме, вреднуваме, коментираме и анализираме еден ист книжевен текст. Дотолку повеќе што веќе децении наназад, со својот мултидисциплинарен пристап, на помош е и културологијата. Оттука, оваа фраза ќе може да се употребува и уште долго во времето што е пред нас, и секогаш да звучи целосно вистинито, убедливо и издржано, но можеби и уште побанално од денес.

Но, меѓународниот научен симпозиум «Антево дело», потврди дека кога се говори за растајнувањето на творечкиот опус на Анте Поповски, посочувањето дека станува збор за опус којшто сè уште не е доволно истражен и во којшто има недоволно вреднувани сегменти и недопрени интерпретативни рамништа, не е фраза – и ни малку не е флоскулно и банално, туку е исклучително вистинито. Како што при промовирањето на поетската книга «Две тишини» од Поповски ќе каже академик Гане Тодоровски: «...ни преостанува, се разбира, во литературно-критичка смисла да се доречеме за особеностите на Антевото и антевското пеење и мислење». Преостанати се целосно неистражени, недоволно коментирани и недоволно вреднувани,

а клучни делои од Антевото творештво, на коишто книжевната наука за првпат им посвети поопстојно внимание токму преку овој симпозиум.

Првата сесија на симпозиумот, насловена «Тајнопис», според една од најзначајните поетски книги на Поповски, започна со реферат на академик Шешкен, којашто воспоставувајќи научни синтези меѓу влогот на Блаже Конески и Анте Поповски за македонската книжевност и култура, претстави темелит пристап во растајнувањето на Антевиот влог во македонската култура, согледан и од перспективата на една друга култура. Двата јубилеи – 100 години од раѓањето на Конески и 90 години од раѓањето на Поповски беа повод преку нивните дела, преку «строгата и проста песна» на Конески и «македонска песна» на Поповски да се согледа и еден критички приказ на кодот на македонската култура на втората половина на XX век. Потоа, на симпозиумот настапија и универзитетските професори Венко Андоновски и Весна Мојсова-Чепишевска, коишто преку своите истражувања овозможија досега неприменети пристапи во исчитувањето на поезијата на Поповски, со коишто се допира до сега несогледани интерпретативни рамништа. Одделен аспект беше читањето на Антевата поезија од страна на странските македонисти, преку учебникот «Везилка» на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот «Св. Кирил и Методиј» во Скопје, за што особено придонесоа согледувањата и заклучоците на проф. д-р Мојсова-Чепишевска, презентирани на симпозиумот.

Во втората сесија учествуваа универзитетските професори Кристина Николовска и Бојан Ортаков, Филип Фиданоски од Универзитетот на Нов Јужен Велс во Сиднеј и авторот на овој текст, при што се отворија повеќе нерастајнети прашања за Анте Поповски не само како поет, туку и како културен придвижник, есеист и клучно – како книжевен истражувач. На почетокот на сесијата се отворија повеќе прашања за севкупниот поетско-есеистички Антев опус, по што се говореше и за Антевиот поетски влог во македонската современа музика, а во завршницата на сесијата беше посветена на еден целосно нерастајнет сегмент од творештвото на Поповски – есеите, без чиешто темелито исчитување, всушност е и неостварлива целосна валоризација на севкупниот Антев творечки подвиг. Притоа, одделно се говореше и за Анте Поповски како истражувач на средновековието – медиевист и вонсериски познавач и истражувач на македонските средновековни ракописи. Меѓу другото беше посочено дека Антевиот влог во растајнувањето на средновековието е речиси целосно неистражен, а дека всушност, Поповски, уште во осумдесеттите години на минатиот век применувал пристап којшто недостига во исчитувањето на средновековните текстови – пристапот кон нив како кон книжевен текст којшто може да се анализира со примена и на современите книжевни теории, а не само како кон книжевен споменик и изворник за лингвистички анализи.

На симпозиумот се водеше и плодотворна дискусија, од којашто се согледа дека творештвото на Анте Поповски сè уште не е целосно растајнето и дека е предизвик за книжевната наука наука. Притоа се согледаа и прашања коишто ќе треба да се опфатат во натамошното научно исчитување на Антевото творештво, вклучително и преку следните изданија на симпозиумот, којшто веќе постанува традиционален – особено прашања за есеистичкото творештво на Поповски.

Од симпозиумот веќе се подготвува и зборник на научни трудови, во којшто покрај презентираните трудови ќе бидат објавени и нови научни трудови за творештвото на Анте Поповски, од уште неколку книжевници и лингвисти коишто не беа во можност да учествуваат на манифестацијата во Лазарополе – меѓу нив и проф. д-р Емилија Црвенковска, м-р Бранко Цветкоски, м-р Сузана В. Спасовска и м-р

Александра Јуруковска. Се очекува овој зборник да биде досега најобемниот, посветен на творештвото на великанот Анте Поповски.

Особено важно е што овој симпозиум не заврши како што завршуваат мноштво други во светот – без заеднички заклучоци, без нови пристапи и без согледани натамошни научни предизвици. Симпозиумот «Антево дело» не само што доведе до значајни заклучоци и не само што промовираше нови пристапи во читањето на македонскиот книжевен текст, туку разоткри и досега незабележани предизвици за книжевната наука – реактуализација на прашањето за пристапот кон есејот како жанр во рамките на творечките опуси на авторите коишто не се само есеисти, пристапот кон исчитувањето на средновековниот книжевен текст со примена на современите книжевни теории, воспоставувањето синтези меѓу поезијата и есеистичкото творештво на авторите итн. Сите овие теми и предизвици, всушност ќе дефинираат и дел од активностите на манифестацијата во текот на следните години, кога се очекува токму симпозиумот да добие уште поголем простор, повеќе учесници и мошне важно – да прерасне во симпозиум којшто нема да биде насочен кон само еден творечки опус, туку ќе отвора значајни прашања за книжевната наука коишто се релевантни воопшто за нејзиниот актуелен пристап кон книжевниот текст.

Впрочем, ова е показател дека завршницата на конкретно издание на манифестацијата «Анте Поповски – Антево перо», всушност не е некаков крај, туку е нов почеток – на идеи и натамошно развивање на нејзиниот концепт, за таа да биде вистински двигател на книжевниот и културниот живот. За љубов на вистината, како што би рекол Конески, тоа е дел од она што им недостига на многу книжевни манифестации, а е одлика на оваа манифестација, заради што и може и треба да се очекува нејзиниот концепт допрва да се развива.

Во Лазарополе, во рамките на манифестацијата се одржа и вечер со Антевото творештво – «Одблесоци», со читање на омилените стихови од Анте Поповски и со споделување интерпретации од учесниците на манифестацијата. Овој дел од програмата траеше до долго во ноќта, бидејќи Антевото творештво со својата комплексност, постојано повикуваше на нови интерпретации. Покрај тоа, дел од учесниците остварија и посета на родната куќа на академик Анте Поповски, којашто допрва може да се очекува дека ќе биде соодветно обележана на македонската културна мапа.

* * *

Од прикажаното за годинешното издание на манифестацијата «Анте Поповски – Антево перо», сигурно ќе се забележи дека преку традиционални и конвенционални рамки, но со голема посветеност како од организациски, така и од творечки и научен аспект, станува збор за книжевен настан во вистинска смисла, којшто вистински ги афирмира книжевните вредности, на начин што не е поводен и миговен, туку остава значајна трага во книжевната и културната стварност. Но, доколку се споредат годинешното и минатогодишните изданија на манифестацијата, се доаѓа до заклучок дека нејзиниот концепт постојано се развива и тоа во вистинската насока – оној којшто не води кон заглавување во програмските форми и кон програмска шаблонизираност, туку кон нови предизвици како за поетите и писателите, така и за книжевната наука. Токму затоа и заслужува приказ во ваков формат. Не само за да се одбележи годинешното издание на манифестацијата, туку и за да се најави дека таа прераснува во традиционален настан којшто и на меѓународен план, допрва ќе биде синоним за вистинските вредности на македонската книжевна стварност.

Искрено веруваме дека тоа ќе се случи, исто онолку колку што се надеваме дека сегментите од творештвото на македонскиот книжевен великан Анте Поповски коишто сѐ уште не се растајнети до крај, во времето што е пред нас ќе доживеат соодветна интерпретација и валоризација. Тогаш, можеби и ќе го прочитаме до крај и светото непрочитано писмо за коешто пееше Анте Поповски:

> Врз секоја карпа, врз секој камен – некој знак!
> Длабел некој низ мракот на времето знаци
> со камен врз каменот и сега целата татковина
> е некое неодгатливо писмо.
> Знаците истетовирани врз карпите,
> стопени со времето,
> втиснати во сеќавањето на народот
> – *сега се свети знаци низ кои струи*
> и крвта и тајната на македонскиот збор:
> изгорени гласови, неоли,
> крвави засеци на ножот
> осенчени со крик на големи погибии…

*Целата татковина – свето и непрочитано писмо.*

*Податоци за авторот*:


Иван Антоновски,
магистер
асистент
Филолошки факултет «Блаже Конески»
Универзитет «Св. Кирил и Методиј»
во Скопје

Ivan Antonovski,
Magistr
Assistant
“Blazhe Koneski” Faculty of Philology
Ss. Cyril and Methodius University
in Skopje

Иван Антоновски,
магистр
ассистент
филологический факультет
имени Блаже Конеского
Университет свв. Кирилла и Мефодия
в Скопье

i.antonovski@gmail.com